**Влада на Република Северна Македонија**

З А П И С Н И К
од Триесет и првата седница на Владата на Република Северна Македонија,
одржана на 21 декември 2020 година

**Скопје, декември 2020 година**

**З А П И С Н И К**
**од Триесет и првата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 21 декември 2020 година**

Седницата на Владата на Република Северна Македонија што се одржа преку видео-конференциска врска со употреба на интернет комуникација започна во 21:25 часот.

На седницата претседаваше претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Зоран Заев.

На седницата учествуваа Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците, Љупчо Николовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за борба против корупцијата и криминалот, одржлив развој и човечки ресурси, м-р Никола Димитров заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за европски прашања и членовите на Владата д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, м-р Радмила Шекеринска-Јанковска, министер за одбрана, Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, м-р Бојан Маричиќ, министер за правда, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, Арјанит Хоџа, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, доц. д-р Венко Филипче, министер за здравство, Мила Царовска, министер за образование и наука, д-р Јагода Шахпаска, министер за труд и социјална политика, м-р Горан Милевски, министер за локална самоуправа, д-р Ирена Стефоска, министер за култура, Благој Бочварски, министер за транспорт и врски, Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање и д-р Јетон Шаќири, министер за информатичко општество и администрација, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Мухамед Зеќири и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Тахир Хани.

На седницата учествуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

На седницата учествуваа и Душко Арсовски, портпарол на Владата на Република Северна Македонија и д-р Драги Рашковски од Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

На седницата не учествуваа Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции и м-р Крешник Бектеши, министер за економија.

*

*    *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

## ДНЕВЕН РЕД

1. Записник од Шеснаесеттиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, одржан на 21 декември 2020 година

2. Кадровски прашања

3. Прашања и предлози

*

*   *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

### Точка 1

Владата ги разгледа Записникот од Шеснаесеттиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, одржан на 21 декември 2020 година и Записникот од состанокот на Комисијата за заразни болести, одржан на 21 декември 2020 година и согласно расправата на седницата ги донесе следниве заклучоци:

1. Го усвои Записникот од Шеснаесеттиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, одржан на 21 декември 2020 година.

2. Го прифати предлогот на Комисијата за заразни болести, односно:

1) Да се забранат сите летови од Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска во Република Северна Македонија до крајот на 2020 година.

2) Да се упатуваат во задолжителна самоизолација во времетраење од 14 дена сите патници од Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска кои влегуваат на граничните премини на територијата на Република Северна Македонија.

Согласно ова, Владата донесе Одлука за дополнување на Одлуката за превентивни препораки, времени мерки, наредени мерки, наменски протоколи, планови и алгоритми за постапување за заштита на здравјето на населението од заразната

болест COVID-19 предизвикана од вирусот SARS-CoV-2, случаите и временскиот период на нивна примена.

3. Се препорачува на АД М-НАВ Скопје да издаде НОТАМ за наредените мерки од оваа одлука.

**Точка 2**

Владата го разреши Бојан Лазаревски од должноста член на Управниот одбор на Агенцијата за филм на Република Северна Македонија, на негово барање.

**Точка 3**

По оваа точка немаше прашања ниту предлози.

*

*    *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 21:30 часот.

| ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА | ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА |
|---|---|
| Мухамед Зеќири | Зоран Заев |